Република Северна Македонија
Република е Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: 29-01-2021
Организ. единица | Број | Прилог
19 - 137/1 - /

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

17/2 48-7911-20

27

**НАЦИОНАЛНА МРЕЖА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

(Име на здружението/ фондацијата)

**ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ**

**Помош и поддршка на жртви на семејно насилство во пост-кризен период**
(Име на проектот)

_Скопје_, 29.01. 2021 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-49/1 од 19.6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство |
| Наслов на проектот | Помош и поддршка на жртви на семејно насилство во пост-кризен период |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Елена Димушевска |
| Проектен менаџер | Елена Димушевска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070 376 324; coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk |
| Цел на проектот | Унапредување на системот на заштита, пристапот до информации и директната помош и поддршка за жртвите на семејно насилство во пост-кризен период. |
| Целна група | Жени жртви на насилство и семејно насилство и нивните деца |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Национално – Р. Северна Македонија |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 810.000,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 808.893,00 ден. |

**2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

По прогласувањето на вонредната состојба, една од главните препораки во насока на спречување на ширењето на вирусот е сите граѓани кои можат, беше да останат во своите домови, кое беше дополнето и со ограничување и забрана за движење во одредени периоди од денот и викендите. Во оваа ситуација ризикот од зголемување на насилството беше зголемен поради тоа што домот за многу жени кои се жртви на семејно насилство и на интимно партнерско насилство не е сигурно место. Жртвата нема каде да оди, не може да избега од насилството со одење на работа или кај пријатели, и во текот на целиот ден е изложена на насилството. Дополнително, вонредната состојба го отежни пристапот на жртвите до директни сервиси за помош и заштита. Според последната статистика со која се располага од Министерството за труд и социјална политика има за 31% зголемен број новорегистрирани случаи на семејно насилство од месец мај во месец јуни.[1] Оправданоста на овој проектот во целост е основана со реализацијата на сите проектни активности и добиените резултати од нив, а во насока на остварување на општата и специфичните цели од Проектот. Преку информирањето на жените жртви на семејно насилство како и со пружењето на директната поддршка, помош и заштита на жените жртви на семејно

[1] https://mtsp.gov.mk/ns_article-prijavi-semejno-nasisltvo.nspx

насилство и нивните деца се покажа како клучна активност не само во периодот на вонредна состојба предизвикана од КОВИД-19 туку особено важна во пост-кризниот период. Дадена беше директна поддршката преку правно советување, психо-социјално советување како и менторство за нивно економско зајакнување кои беа клучни како во периодот на вонредната состојба така и во пост-кризниот период. Преку овој тип на поддршка, успеавме во определен дел жртвите да се зајакнат и да ја зголемат својата конкурентноста за вклучување на пазарот на труд, а со тоа и можноста за нивно економско јакнење и осамостојување. Имено во периодот на реализација на проектните активности беа дадени вкупно 1128 услуги (правни и психо-социјални) на жени жртви на семејно насилство и нивните малолетни деца. Исто така преку директната поддршка беа поделени 20 хуманитарни пакети со храна и основни средства за хигиена на најзагрозените жртви на семејно насилство кои беа во голем социјален ризик. Дополнително во зависност од нивните индивидуални потреби на дел од жртвите им беа поделени хуманитарни пакети со посебни производи за бебиња, на дел им беа дадени посебни производи за училишните деца, а два пакети беа со посебни производи наменети за жени жртви на насилство кои имаа деца со посебен начин на исхрана. Дополнително беа организирани групни и индивидуални обуки за невработени жени жртви на семејно насилство како и за жртви кои беа вработени но со ниски примања и добија поддршка преку менторство при вработување и меки вештини како и знаење за основни познавања од користење на компјутери, интернет алатки за пребарување и користење на офис пакетот. За посетата на обуките за стекнување на компјутерски вештини учесничките добија и валиден сертификат. Во однос на информирањето на жените жртви на семејно насилство им беа споделени сите релевантни информации за можноста за пријавување на насилството како и достапните специјализирани сервиси и услуги кои има се на располагање за помош и поддршка на национално ниво. Се изработија информативни материјали (постери и стикери) и истите се дистрибуираа на национално ниво првично преку организациите-членки на Националната Мрежа. Истите дополнително се распределија и по центрите за социјална работа. Достапноста на информациите и потребните податоци кои им се потребни на жените жртви на семејно насилство им беа и споделувани телефонски и преку користење на електронската комуникација(електронска пошта) преку нашите достапни сервиси при пружење на правна помош и психо-социјална поддршка, а исто така се искористија и социјалните медиуми (фејсбук, твитер, инстаграм) за споделување на достапните сервиси и услуги. Во предвидените активности за успешна реализација на овој Проект беа подготвени и две анализи со цел да се унапреди системот на заштита на жени жртви на семејно насилство. Првата анализа содржи Препораки за унапредување на активните мерки и програми за вработување, кој документ ја покажа потребата за подобро дизајнирани на годишните оперативни планови за полесен и поголем опфат на жените жртви на семејно насилство како една од најранливите категории во општеството. Анализата ги детектира клучните предизвици со кои се соочуваат жените жртви на семејното насилство при користење на некоја од предвидените мерки за вработување предвидени во оперативните планови или нивно вклучување во некоја од предвидените програми од истите. Дополнително од Анализата произлегоа и Препораките кои ги адресираме до релевантните чинители за подобрување и унапредување на системот на заштита на жените жртви на семејно насилство во насока на нивно полесно вклучување во обуките кои се предвидени како и нивно доусовршување и преквалификација со цел нивна побрза и поголема вработливиот и поголема конкурентност на пазарот на трудот. Анализата е достапна на нашата веб страна и истата беше споделена со претставници на УНДП и претставници од Министерството за труд и социјална работа кои работата на дефинирањето на годишните оперативни планови. Од другата Анализа која се однесуваше на Ефектите од Препораките на Владата за заштита од КОВИД-19 по утврдената методологија се направи преглед на сите итни мерки кои ги донесе Владата и клучниот наод е дека мерките не се наменети за жени жртви на семејно насилство и не се земени во предвид спецификите на оваа посебна ранлива категорија и динамиката на семејното насилство. Со тоа, жените жртви на семејно насилство беа оставени без соодветна заштита во т.н. **кризни услови**, кои имаа потреба од финансиска помош и безбедно домување, вработување и обезбедување соодветни услови за раст и развој на нивните деца. Препораките се во насока на унапредување на системот на заштита на жени жртви на семејно насилство во услови на криза како и во нормални услови и истиот мора да се унапреди, во согласност со одредбите на Истанбулската конвенција, да се овозможи превенција, заштита и спречување на насилството врз жени и деца, што е можно поскоро и мора да се спроведуваат тековно, како трајни и одржливи програми.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **Активност1.** Информирање на жртви на семејно насилство | Изработени се постери и стикери со цел информирање на жртвите на семејно насилство за броевите за пријавување на насилството на локално и национално ниво. По изработен е план за дистрибуција на постерите и стикерите, се спроведе распределба на информативните материјали, првично до организациите-членки на Мрежата на национално ниво, а потоа до локалните центри за социјална работа. Дополнително за Скопскиот регион материјалите се споделија и до другите здруженија на граѓани. Преку нашите сервиси за работа кои пружат правна и психосоцијална помош информациите на жртвите беа овозможени директно и преку користење на електронска пошта и социјални медиуми. Достапноста на информациите и постоечките специјализирани сервиси кои им се достапни и на жените жртви на семејно насилство исто така се споделени и на нашата веб страна и фан страна на фејсбук. | јули-декември 2020 | Изработени се, отпечатени и дистрибуирани на национално ниви 500 постери и 10000 стикери со целосни информации за пријавување на семејно насилство и помош и поддршка во услови на криза.<br>Жртвите на семејно насилство на територијата на РСМ добија пристап до информации за броевите и насоките за пријавување на насилството како и за постоечките специјализирани сервиси за помош и поддршка кои им се достапни и на располагање. |
| **Активност 2.** Директна помош и поддршка на жртви на семејно насилство<br>2.1.Услугите психосоцијално советување и поддршка од психолог и правно советување и поддршка од правна советничка<br>2.2. Жртвите на семејно | Во извештајниот период од 01 јули 2020 до 31 декември 2020, тимот на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство обезбедуваше директна поддршка на жени жртви на насилство и семејно насилство, како и нивните деца. Се обезбедување телефонско советување од 3 телефонски броеви (психолошка помош, | јули-декември 2020 | **На жртвите на семејно насилство им беа достапни услуги за психосоцијално и правно советување и поддршка во услови на здравствена криза. Вкупно обезбедени услуги 1128 и тоа за 122 жени жртви на семејно насилство и** |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| насилство кои се невработени или се вработени со ниски примања ќе добијат услуга на *менторство при вработувањето и меки вештини.*<br>2.3. Во рамките на оваа активност ќе се обезбедат *хуманитарни пакети за жени жртви на семејно насилство кои се во социјален ризик.* | советување за права од социјална заштита и правна помош и советување) и советување и поддршка во канцелариите на Мрежата, согласно протоколите за заштита од КОВИД-19. Канцелариите на Мрежата се обезбедени со средства за дезинфекција, резервни заштитни маски и редовно се одржува хигиената во сите простории. Советувањето се вршеше во посебна просторија одвоена од другите канцелариите, каде има можност за физичка дистанца меѓу давателката на услуги и корисничката, обезбедена е приватност. анонимност и доверливост, и просторијата можеше редовно да се проветрува. Оваа активност континуирано се обезбедуваше во текот на целиот проект. Дополнително при поддршката за остварување на социјални права, жртвите на семејно насилство беа придружувани од страна на социјалната работничка до надлежните институции.<br>Дополнително во тимот на Мрежата се приклучи менторка за кариерно советување и вработување која работи на економско јакнење на жени жртви на насилство и семејно насилство. Во рамките на оваа активност е изработена програма за обука за меки вештини, и план за индивидуална работа со секоја жена во процецот на обезбедување на соодветно вработување. Идентификувани беа 37 жени жртви кои требаше да учествуваат во обуките, а со средства на друг проект се обезбедени 7 лаптопи и 10 таблети за целите на обуките. Обуките се спроведоа во текот на месец ноември и декември 2020г. Во склоп на оваа активност со средства обезбедени од друг проект беше ангажирана и едукаторка за стекнување на основни компјутерски вештини и | | **152 деца, разделено по тип на услуга:**<br>**-Психолошка помош** вкупно дадени 187 услуги од кои 132 индивидуално советување, првична проценка и разговор 28 и спроведена групна психотерапија 27;<br>- **Правна помош и поддршка** вкупно дадени 115 услуги од кои 104 правно информирање и советување и 11 писмени поднесоци поднесени до надлежни институции<br>**-Дополнително, обезбедени се 826 услуги од социјален работник,** за советување од областа на социјална заштита.<br>Жените жртви на семејно насилство добија поддршка преку менторство за стекнување на вештини за полесно вработување. Беа идентификувани 37 жени кои беа апликативни да бидат под менторство и да посетуваат обуки со кариерен советник за да ги унапредат своите вештини, а со тоа да станат поконкурентни на пазарот на труд. **Имено обуките кои беа организира беа поделени на три теми и тоа:-Компјутерски вештини** беа поделени во **2 (две)** групи, каде учествуваа **9 (девет)** жени жртви. Работилницата на оваа |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | знаења и во истиот период жените жртви на семејно насилство беа обучување за работа со компјутери. На крајот од обуките добија и сертификат за основно познавање на Microsoft office и користење на интернет.<br>Како дел од оваа активност се обезбедија и доставија вкупно 20 хуманитарни пакети за жени жртви на семејно насилство со храна, хигиенски производи, производи за бебиња, производи за училишни деца. Жените се наши корисници кои по направена проценка од страна на стручна комисија од Мрежата која беше составена од три члена и тоа; психолог, правник и социјален работник, а одобрено од страна на извршната директорка им беа обезбедени хуманитарни пакети во согласност со нивните индивидуални потреби како и во зависност од потребите и возраста на нивните деца. | | тема беше поделена на почетна група и напредна група. Вкупно се одржаа **4 (четири) работилници.-Меки вештини** поделени во **2(две)** групи, каде учествуваа 7 (седум) жртви.- **Менаџирање на семеен буџет** поделени во **2** (две) групи, каде учествуваа 7 жртви.<br>**Дополнително:7(седум)** жени жртви беа вклучени во индивидуални кариерни советувања. Од нив **4(четири)** жени жртви беа закажани за по **2(две)** сесии со инд.советување и истите беа реализирани. **20 (дваесет)** жени жртви на насилство добија хуманитарни пакети со храна и хигиена направени во согласност со нивните индивидуални потреби и согласно возраста и потребите на нивните деца. |
| **Активност 3.**<br>Анализа на документи за унапредување на системот на заштита на жени жртви на семејно насилство<br>3.1.Препораки за унапредување на активните мерки и програми за вработување;<br>3.2. Ефектите од препораките на Владата за заштита од КОВИД- | Во рамките на оваа активност, тимот на експертки првично изработи методологија по која ќе се спроведуваат анализите. Имено за потребите на анализите беа подготвени и испратени барања за информации од јавен карактер до Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и до Агенцијата за вработување. За потребите на анализата за Ефектите од препораките на Владата за заштита од КОВИД 19 | јули-декември 2020 | Изработени се финални документи: Препораки за унапредување на можностите за вработување на жени жртви на семејно насилство, и Ефекти од кризните мерки на Владата на Р. Северна Македонија врз жени жртви на семејно насилство. Изработени се препораки за унапредување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 врз жените жртви на насилство | беше подготвен прашалник со 38 прашања наменет за жени жртви на семејно насилство и истиот беше достапен за online пополнување. Прашалникот го одговорија вкупно 92 жени жртви на насилство и дел од препораките во анализата се состои од нивното искуство и како се справиле со здравствената криза. По собирањето и обработката на добиените податоци се изработија нацрти за двата документа: Препораки за унапредување на можностите за вработување на жени жртви на семејно насилство, и Ефекти од кризните мерки на Владата на Р. Северна Македонија врз жени жртви на семејно насилство. Финалните документи се споделени и се јавно достапни на веб-страната на Националната Мрежа. Дополнително анализата со Препораките за унапредување на активните мерки и програми за вработување се испечати иако првично не беше предвидено нејзино печатено издание. Согласно општите препораки за заштита од КОВИД-19, немаше официјална промоција сепак анализите беа презентирани и препораките споделени со релевантни институции користејќи ги online Платформите за комуникација. | | оперативните планови за вработување од аспект на поголемо искористување на активните мерки за вработување од страна на жените жртви на семејно насилство, а со цел подобри и посоодветни можности за вработување преку активните мерки и програми. Истите се споделени со надлежни службеници вработени во МТСП кои се задолжени за креирање на годишните оперативни планови за вработување. Двете анализи се достапни за електронско преземање, а додека едната е достапна и во печатено издание. |
| | | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Начелно сите активности се одвиваа непречено согласно утврдена временска рамка за нивно спроведување и реализација. Мали отстапувања се направени во бројката на печатени информативни материјали кои по консултација и со другите граѓански организации се донесе практична одлука да се намали бројот на планирани печатени постери од 2000 на 500, а да се зголеми бројот на стикери од 3000 на 10000 како попрактичен и полесно достапен информативен материјал. Дополнително стикерите се самолепливи и истите е многу потешко да се отстранат од површината каде биле залепени. Со мало задоцнување се финализираа едната анализа која беше предвидени во активност 3. А се однесуваше на препораките од ефектите за кризните мерки на Владата. Имено како причина беше спроведувањето на online прашалникот и потребата од повеќе одговори на прашалниците од страна на жените жртви на семејно насилство. Ова мало одложување не влијаеше на предвидениот резултатот, но го одложи промовирањето кое беше планирано за 16 дена активизам (25.11-10.12). Во однос на посетеност на

обуките за кариерно советување и меки вештини како и за стекнување на основно познавање на компјутерски вештини првично беа идентификувани 37 жени жртви за нивна посета. Обуките се одржаа во ноември и декември и за жал во тој период се зголеми бројот на новорегистрирани случаи со заразени со вирусот. Поради тоа и бројот на учесници се намали, а воедно поради просторните услови и бројката на групни обуки мораше да се намали. Дел од обуките се одржуваа во време на викенд каде им овозможивме посебен простор за чување на нивните малолетни деца доколку немаат каде да ги остават. Другите термини за обуки беа реализирани по работното време со цел да можат после завршувањето на работните обврски да дојдат на обуките. Дел од пријавените учеснички беа позитивни на вирусот и/или беа во изолација и не можеа да го напуштат нивниот дом. Сето ова влијаеше на предвидениот резултат од овој Проект во однос на најмалку 30 жени жртви на насилство да добијат унапредени вештини и да станат поконкурентни на пазарот на трудот.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| 3.1. Препораки за унапредување на активните мерки и програми за вработување | | 50 | На веб страната на Мрежата[2] |
| 3.2. Ефектите од препораките на Владата за заштита од КОВИД-19 врз жените жртви на насилство | | / | На веб страна на Мрежата[3] |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Во целост се исполнете целите на проектот како што беа предвидени и тоа во насока на општата цел односно унапредување на системот на заштита, пристапот до информации и директната помош и поддршка за жртвите на семејно насилство во пост-кризен период. Обезбедена е директна помош на жените жртви на семејно насилство и нивните деца и дадени се 1128 услуги на 122 жени и 152 деца. Во целост ги добија сите потребни информации во насока на помош, советување и поддршка како и достапноста на специјализираните сервиси на национално ниво.

На национално ниво се распределија и информативни материја со клучни информации и насоки за пријавување на семејното насилство. Дополнително кон остварување на предвидените цели за зголемување на можностите за вработување и економско јакнење на жртвите на семејно насилство во Р. Северна Македонија во пост-кризен период допринесе анализата која ги содржи клучните наоди и препораки за унапредување на активните мерки и програми за вработување. Со оваа анализа се доби силна алатка за застапување пред релевантните чинители и ќе може да се преземат конкретни мерки за зголемување на достапноста и поголема искористеност на активните мерки и програми за вработување кои предвидени во годишните оперативни планови од страна на жените жртви на семејно насилство. Поконкретно Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство својата работа ја фокусира на обезбедување на достапни и одржливи сервиси за жртвите на родово засновано насилство, вклучувајќи и семејно насилство, како и креирање на политики кои се родово сензитивни и суштински влијаат на подобрување на состојбата на жртвите нивно економско јакнење и осамостојување во насока на напуштање на насилната средина. Уште од 2015 година, Мрежата започна со активности на локално и на регионално ниво, главно насочени кон локалната самоуправа, за обезбедување средства за отворање

[2] https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/23-12-2020-preporaki-za-unapreduvane-na-mozhnostite-za-vrabotuvane-na-zheni-zhrtvi-na-semejno-nasilstvo/

[3] http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/istrazhuvan-a-i-publikatsii/

на регионален пакет на специјализирани сервиси за жртви на родово засновано насилство. Главен продукт од спроведените активности на застапување беше потпишувањето на Јавната заложба на градоначалниците од 22 општини во Р. Македонија за воспоставување на регионален пакет во 2017 година. Со овие активности беше воспоставена долготрајна соработка меѓу Мрежата и локалната самоуправа..

Сите анализи и искуства кои произлегоа од овој проект ќе се бидат искористени за отпочнување на истиот процес и во другите региони во насока на обезбедување на помош и поддршка на жените жртви на семејно и интимно партнерско насилство во насока на целосно исполнување на предвидената цел за унапредување на системот на заштита на жртви на семејно насилство со донесување посебни мерки за жртви на семејно насилство во пост-кризен период на национално и на локално ниво.

**7. Резиме на Финансискиот извештај**

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **144.000 денари** | **144.000 денари** | |
| **II. Оперативни трошоци** | **18.000 денари** | **17.810 денари** | **остаток 190 денари** |
| **III. Директни трошоци** | **648.000 денари** | **647.083 денари** | **остаток 917 денари** |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **810.000 денари** | **808.893 денари** | **Вкупно 1.107 денари остаток** |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

**-Примероци од подготвени извештаи и тоа завршен извештај наративен и финансиски извештај;**
**-Публикација-Препораки за унапредување на активните мерки и програми за вработување;**
**-Релевантни документи(договори за ангажирани лица), како и детална документација за сите трошоци предвидени во чл.10 став 3 од Договорот.**

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

____Скопје, _29_. 01. 2021 год. ________Елена Димушевска__________

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. ____________________ (Потпис)

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | Национална мрежа против насилсвто врз жени и семејно насилство | | | |
| Наслов на проектот | Помош и поддршка на жртви на семејно насилство во пост-кризен период | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 810,000 ден | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 342,000 ден | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 1,152,000 ден | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Координатор на проект | 90,000 | 90,000 | 0 | 0% |
| Финансиски асистент | 54,000 | 54,000 | 0 | 0% |
| **Вкупно за I** | **144,000** | **144,000** | **0** | **0** |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Сметководство | 15,000 | 15,000 | 0 | 0% |
| Банкарски трошоци | 3,000 | 2,810 | 190 | 6% |
| **Вкупно за II** | **18,000** | **17,810** | **190** | **1%** |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Психолог | 108,000 | 108,000 | 0 | 0% |
| Правна советничка | 108,000 | 108,000 | 0 | 0% |
| Ментор | 126,000 | 126,000 | 0 | 0% |
| Експертки | 96,000 | 96,000 | 0 | 0% |
| Хуманитарна помош | 125,000 | 124,136 | 864 | 1% |
| Информативни материјали | 75,000 | 74,985 | 15 | 0% |
| Дистрибуција на информативни материјали | 10,000 | 9,962 | 38 | 0% |
| **Вкупно за III** | **648,000** | **647,083** | **917** | **0%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **810,000** | **808,893** | **1,107** | **0%** |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.